# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Секретарот на Влада на РМ - Секретаријатот за законодавство (Секретаријат) на ден 30.01.2015 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Влада на РМ - Секретаријатот за законодавство до Државниот завод за ревизија заведени под број 09-217/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 1., алинеја 2, точката 2.1.1., алинеја 6 и точката 2.1.2.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на тоа дека Секретаријатот нема донесено Стратегија за управување со ризици и Регистар на ризици, како и стратешки и годишен план **претставува известување** за преземените активности од страна на Секретаријатот. Имено, Секретаријатот на ден 27.01.2015 година има донесено: Стратешки план 2015-2017 година, Годишна програма за работа на Секретаријатот за законодавство за 2015 година и Стратегија за управување со ризици. Исто така, донесено е Решение за овластување за координирање на воспоставување на процесот на управување со ризици во Секретаријатот за законодавство, а изработени се и Образец за утврдување и проценка на ризиците и Регистар на ризици. Преземените активности од страна на Секретаријатот соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај.

2. Упатената забелешка на утврдената состојба во **точката 2.1.3., алинеја 3** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека нема потврда за извршена контрола на фактурите, од страна на ликвидаторот од одделението за сметководство во СОЗР, кое од страна на секретарот, е назначен како овластено лице за уредно ликвидирање на документацијата во Секретаријатот, како и на начинот на спроведување на ex-post финансиската контрола, **претставува известување** за отпочнати активности од страна на Секретаријатот во насока на надминување на констатираната состојба. Раководното лице на Секретаријатот информира дека, по барање на Секретаријатот, од страна на раководното лице на СОЗР, во јануари 2015 година, назначено е ново лице за ликвидирање на документацијата. Исто така, од страна на раководното лице на Секретаријатот до МФ - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола,

во јануари 2015 година, доставено е Барање на мислење и работна средба во насока на изнаоѓање практично решение за начинот на спроведување на ex-post финансиската контрола, имајќи ја предвид организациската структура и човечките ресурси во Секретаријатот.
Преземените активности од страна на Секретаријатот соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај.

Забелешката на утврдената состојба во **точката 2.1.3., алинеја 4** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека не се преземени активности за осигурување на градежниот објект и опремата на Секретаријатот, **претставува известување** за отпочнати активности за назначување на одговорно лице за набавка на полиса за осигурување на работните простории и опремата во Секретаријатот, која состојба соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај.

3. Упатената забелешка на утврдената состојба **во точката 2.2.1., алинеја 6** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека за една постапка, спроведена со барање за прибирање понуди, досието од спроведената постапка не ги содржи документите за докажување на личната, економската и финансиската состојба на избраниот понудувач, **претставува известување** за констатираната состојба. Имено, од страна на претседателот на Комисијата за јавна набавка за конкретната постапка за јавна набавка, до избраниот понудувач доставено е Барање за издавање на потврда за доставени документи по набавката и добиен е писмен одговор од истиот дека понудата и целокупната документација е поднесена преку системот на ЕСЈН. Во прилог на забелешките, не е доставена дополнителна документација во однос на констатираната состојба во Нацрт извештајот.

4. Упатената забелешка на утврдената состојба во **точката 2.2.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека пописот на средствата и обврските на Секретаријатот не е извршен на начин предвиден во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, **претставува известување** за преземени активности за надминување на констатираната состојба. Раководното лице на Секретаријатот информира за преземените активности за спроведување на пописот на средства и обврските на Секретаријатот за 2014 година согласно законската и подзаконската регулатива од областа. Во прилог на забелешките, не е доставена дополнителна документација во однос на констатираните состојби во Нацрт извештајот.

5. Упатената забелешка на **препораката под реден број 4** која е поврзана со утврдената состојба во **точка 3.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на тоа дека не се извршени внатрешни ревизии во 2013 и 2014 година, **претставува известување** за отпочнати активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба. Раководното лице на Секретаријатот информира дека донесени се Стратешки план за извршување на внатрешната ревизија за период од 2015 до 2017 година и План за извршување на внатрешна ревизија за 2015 година, како и доставено е Барање до Министерство за правда - Одделение за внатрешна ревизија, за вршење на внатрешна ревизија во текот на 2015 година. Ревизијата ги имаше во предвид наведените активности кои беа спроведени и во годината предмет на ревизија, и истите се констатирани во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.